SZQ-553-002_v01

0201- 2718/16-9
31.05.2016
Скопје

Врз основа на член 62 , 383 став 1 точка 1 и 418 од Законот за трговските друштва и член 25 став 1 точка 1 и член 73 од Статутот, како и предлог-Одлуката бр. 0202-2298/16-9 донесена на ден 22.04.2016 година од страна на Одборот на директори на ОКТА АД-Скопје, Годишното Генерално Собрание на акционери на ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво – Скопје на својот 26-ти состанок одржан на ден 31.05.2016 година, ја донесе следната

ОДЛУКА
за измени на Статутот на Друштвото

Член 1

Членот 7 од Статутот на Друштвото се менува и гласи:
"Друштвото ќе ги врши сите дејности утврдени со Националната Класификација на Дејности (НКД), освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен или друг надлежен орган.
Друштвото ќе ги врши истите дејности и во надворешниот трговски промет."

Член 2

Членот 8 од Статутот на Друштвото се менува и гласи:
"Дејностите за кои со закон е пропишано дека можат да се вршат само врз основа на согласност, дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган, друштвото ќе започне да ги врши по добивање на соодветната согласност, дозвола или друг акт од тој орган.

Одлука за вршење на дејност од претходниот став носи Одборот на директори и за истата го известува Собранието на првата наредна седница."

Член 3

Во член 29 од Статутот, во став 1 текстот "не порано од 21 ден и не подоцна од 50 денови" се заменува со текстот "не порано од 30 дена".

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Член 5

Се овластува Одборот на директори да изготви пречистен текст на Статутот на Друштвото, во кој што ќе се внесат измените извршени со оваа Одлука.

Годишно Генерално Собрание на акционери
Претседавач,

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво